Претставници на МЦМС и Регионалната мрежа СЕЛДИ учествуваа на регионалната конференција „Југоисточна Европа заедно против корупцијата: развивање на регионалната отпорност“ организирана од Регионалната антикорупциска иницијатива на 20 февруари 2024 година во Сараево. За време на конференцијата, учесниците се вклучија во дискусии за понатамошно унапредување на механизмите за проценка на ризикот од корупција, зајакнување на законодавството за докажување на корупцијата и унапредување на системите за откривање имот преку регионална соработка.




Снежана Камиловска Трповска, координатор на проект во Македонскиот центар за меѓународна соработка, ја поздрави позитивната практика на формулирање на насоки за спречување на корупцијата во приватниот сектор. Дополнително, ја истакна и потребата од унапредување на соработката со медиумите и приватниот сектор во борбата против корупцијата. За да се постигне вистинска борба, таа нагласи дека граѓаните треба да видат вистинска политичка волја, а не само декларативна каква што

ја гледаме деновиве во регионот. Граѓаните очекуваат видливи резултати во градењето на превентивниот систем, но и на репресивните механизми. Овде улогата на граѓанските организации е клучна, барајќи отчетност од владите за нивните постапки во однос на борбата против корупцијата.




Даниела Минева, сениор аналитичар во Центарот за проучување на демократијата, го истакна значењето на користењето на платформите како што се СЕЛДИ, групата на Самитот за демократија за антикорупциски политики и национална безбедност, како и работилниците со повеќе засегнати страни организирани од РАИ (RAI) и УНОДЦ (UNODC) за поттикнување на градење на коалиции и развој на капацитети. Таа препорача воспоставување поефикасни механизми за соработка на граѓанските организации и државите, како и создавање на пошироки платформи за размена на добри практики и методологии, фокусирајќи се на справување со стратешката корупција, незаконските финансиски текови и перењето пари. Таа, исто така, ја истакна суштинската потреба националните антикорупциски стратегии да поставаат мерливи цели за влијание и да воспоставаат цврсти процедури за следење, евалуација и

известување за постигнатиот напредок.

